а промет и консалтинг
ФАРМАХЕМ ДООЕЛ
Бр. 03-05/614
17.09 2018 г.
СКОПЈЕ

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА
ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0507-1921
10.09 2018 год.
СКОПЈЕ

**ДОГОВОР**
**за јавна набавка на стоки**
**по Оглас 12/2018**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. ЈЗУУ Клиника за Неврологија,
ул. Водњанска бр.17, Скопје - Р.Македонија застапувана од В.Д.Директор Д-р. Иван барбов (во понатамошниот текст Набавувач) од една страна, и

2._ Фармахем ДООЕЛ , адреса Кичевска 1, 1060 Скопје со ЕМБС 4165152
застапуван(о) од Управител ____________________, (во понатамошниот текст Носител на набавката - Добавувач) од друга страна.

## II.ДЕФИНИЦИИ

**Член 1**

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:
1)"Набавувач"- е субјект дефиниран во член 1 од Законот за јавните набавки.
2)"Добавувач"- е носител на набавката - домашно или странско правни или физичколице.

## III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на овој Договор за јавна набавка се стоки за набавка на апарат ,
Криостат-Апарат за мускулна биопсија

Според техничка спецификација дадена во тендерска документација и прифатената понуда на добавувачот која е составен дел на овој договор.

## IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик. Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Единечната цена на услугите е дадена во прифатената понуда на добавувачот.
Криостат-Апарат за мускулна биопсија
Вкупната цена на стоките изнесува 1 200 000.00 денари без ДДВ, ДДВ е 216 000.00 денари, вкупна цена со ДДВ е **1 416 000.00** денари.

## VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Договорот се склучува за период од една година. Договорот ќе се смета за склучен со потпишување од двете договорени страни.

## VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА УСЛУГИТЕ

**Член 6**

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот во рок од 15 дена од денот на склучување на договорот за јавна набавка.

## VIII. ДОВЕРЛИВОСТ И ЗАШТИТА НА ИНФОРМАЦИИ

**Член 7**

Договорните страни за време на важноста на овој Договор и по неговото раскинување се обврзани да ги :